**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15-07-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3630 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 01.01.2015 до 31.12.2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јули 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот во Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување за 2015 година – точка 10 (наш бр.03-1808/1 од 29.03.2016 година) и исправка (наш бр.03-1808/2 од 20.06.2016 година), **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, од буџетот наменет за програми во 2015 година, издвоил **25,39%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Најмалку половина од европските аудиовизуелни дела од независни продуценти наведени во податоците доставени од радиодифузерот се произведени во последните пет години.

6. **Опис на прекршувањето: /**

7. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***